Сопштение до граѓаните на општина Виница

Им се соопштува на граѓаните дека на ден **01. 12 2025 год.** започнува акцијата **„Чиста Општина 2026“**, во врска со оставени хаварисани, напуштени и нерегистрирани моторни возила, приклучни возила како и земјоделски машини од нивните сопственици кои се оставени на јавните површини.

Акцијата ќе биде спроведена од страна на **Општина ВИНИЦА и МВР - ПС ВИНИЦА** во три фази и тоа:

- **Прва фаза:** Детектирање на места во општина Виница каде има оставено хаварисани, искористени и напуштени моторни возила, приклучни возила како и земјоделски машини и ќе започне **01. 12 2025 и ќе трае до 31. 12 2025** .

- **Втора фаза**: ќе биде од превентивен карактер и ќе започне **на 01. 01 2026 и ќе трае до 31. 01 2026 год.** со лепење налепници со рок на отстранување на моторните возила од јавните површини.

- **во третата** фаза ќе се преземат репресивни мерки со изрекување глоба од страна на Општина Виница и МВР- ПС Виница за оние кои не ги отстраниле моторните возила од јавните површини во дадениот рок и ќе започне на **01. 02 2026 година и ќе трае континуирано**.

Се замолуваат сите граѓани кои ги имаат оставени хаварисани, искористени и напуштени моторни возила, приклучни возила како и земјоделски машини на јавните површини да ги отстранат, а со тоа ќе го дадат својот придонес за чист град и здрава животна средина.